СТ.бр.27/23 (1/24, 3/24)

**З А П И С Н И К**
**од испитно рочиште**

Составен на ден **26.04.2024 година** во 10,00 часот пред стечајниот судија Елизабета Петковска при Основен суд Кавадарци, во отворената стечајна постапка над должникот Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци-во стечај

по закажаното рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања на доверителите (испитно рочиште) на должникот.

**П Р И С У Т Н И**

**Од судот присутни:**

**Стечаен судија:**
Судија : Елизабета Петковска

**Записничар:** Јасминка Кузманова

**Стечаен должник :**Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци- во стечај

**Стечаен управник**:Ацо Петров од Скопје

**Рочиштето започна во 10,00 часот.**

Поради непостоење на технички услови записникот не се снима тонски.

Се констатира дека за испитното рочиште закажано за на ден 02.04.2024 год е објавен оглас во Службен Весник на РСМ бр. 28 од 07.02.2024 година .

Се констаира дека дека за испитното рочиште од 02.04.2024 год е објавен оглас на огласната табла на овој суд на ден 02.02.2024 година и истиот ден е објавен оглас и на веб страната на овој суд.

Се констатира дека Шемата (Табела) на пријавени побарувања е доставена до судот преку стечајниот управник Ацо Петров од Скопје на ден 15.03.2024 година и истата е објавена на огласната табла на судот и на веб страната на судот истиот ден, а истиот ден објавено е известување дека шемата е депонирана во стечајното досие и е достапна на увид на доверителите.

Се констатира дека во дневниот весник Нова Македонија од 16.03.2024 година , објавен е оглас од страна на стечајниот управник Ацо Петров од Скопје , дека во стечајното досие на предметот СТ.бр.27/23 на Основен Суд Кавадарци согласно одредбите од чл.89 од Законот за стечај , доставени се шемата на пријавени и признати побарувања и дека секој доверител може да изврши увид во истата како преку огласната табла на овој суд така и преку објавата во дневниот весник Нова Македонија од 16.03.2024 година.

Се констатира дека е објавен оглас за отворање на СП во весникот

Вечер и во весникот Нова Македонија на 06.02.2024 год.

Се констатира дека рочиштето за испитувањето на побарувањата закажно за 02.04.2024 го де одложено за на ден 26.04.2024 год во 10,00 часот и за истото е објавен оглас во Службен Весник на РСМ бр.78 од 05.04.2024 год и известување на огласната табла на судот и на Веб страната на судот на ден 02.02.2024 год.

**Се констатира дека од доверителите кои што имаат пријавено побарувања присутни се :**

**1.** ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје и ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје преку адвокат Влатко Михаилов.

**2.** КАМ СМАРК ДОО Кавадарци преку адвокат Илија Чекоров Кавадарци, ДАН**ИЕЛ ТРАНСПОРТ ДОО**ЕЛ Кавадарци , **МАВИ ЗК ТР**АНС ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци, ЕВРО ЛОГИСТИК ДООЕЛ Кавадарци ,МЕРИВАН ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци ,ПЕПИ ТРЕЈД ДООЕЛ Кавадарци ,ПРИТИ-ТРАНС ДООЕЛ Кавадарци,АНЕЛ-МАГ 97 ДООЕЛ Кавадарци , АЛ-КИР ШПЕД ДООЕЛ Кавадарци ,ЕФТИМОВ ТРАНС ДООЕЛ Неготино , ЈАКОВ-ЛОГИСТИК ДООЕЛ Глишиќ Кавадарци, ДАС ШПЕД ДООЕЛ Демир Капија , СЕМА ТРАНС ШПЕД Кавадарци с.Возарци Кавадарци, ДСМ ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци ,НОВА ТРАНСПОРТ ЛОГИСТИК ДООЕЛ Кавадарци, ОКИ-ТРАНС ДООЕЛ Кавадарци и КАЛУНГА-ТРАНС ДООЕЛ Кавадарци сите преку адвокат Илија Чекоров.

**3.** ВИЗИАНА ДООЕЛ Куманово, Населено место без уличен систем, Клечовце, Куманово, преку пол. адв. Драган Ѓаковски од Куманово

**4.** РСМ-МФ-Управа за јавни приходи РД Прилеп застапуван преку ДП Кавадарци преку Државниот правобранител м-р Сузана Костова Коцева

**5.** адв.Леонард Кузев и за ЛЏБ Вест Балкан со зам полномошно од Наков и Бошков.

**6.** АД Водостопанство на РСМ ул.3-та М.Бригада 1 бр.10а, Скопје, застапуван преку адвокатски стручен соработник **Јасмина Гоговска вработена кај Адвокат Мустафа Дардхишта**

7. ДОН ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци ,ФИРЦО-КОМЕРЦ ДООЕЛ Росоман , ГОЛД-ТРАНС ДООЕЛ Кавадарци , Ангел Транспорт ДООЕЛ Кавадарци, КРИСИ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Кавадарци, ДАЧО ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци , ДЕКИ ТРАНСПОРТ ШПЕД ДООЕЛ Кавадарци , ДЈ -ГИНКА ТРАНС ДООЕЛ Кавадарци сите преку адвокат Илија Чекоров со зам пол. од адвокат Никола Стојков

**8.** Американо Фајнанс Лимитед Викторија Плејс Бермуди 31 Викторија стрит, Хамилтон ХМ10 ИД број 50377 преку адвокат Александар Димиќ од адв. друштво Поленак

**9.**ЛАГЕРМАКС Александар ДООЕЛ Скопје Адвокат Златко Јолевски .

**10.**К-12 ДОО Буштрица.Ќукес Албанија преку адвокат Арбен Гоља Скопје

**11.**ЕЛЕКТРОЕЛЕМЕНТ Стојмир ДООЕЛ Скопје, ул.Перо Наков бр.25 ,преку адв. Лазар Трајковиќ со зам. пол. од адв. Ема Стојановиќ.

**12.**ТОМИ ШПЕД ДООЕЛ Кавадарци Шпаркасе Банка преку адвокат Зорица Дафкова

**13.** ДЕМ МАРКА ШПЕД ДООЕЛ с.Возарци, Кавадарци преку адвокат Емилија Шкартова Плетварска од Кавадарци

**14.**СОЛ СЕЕ ДОО Скопје преку адвокат Мартин Чинговски вработен во Адвокатско друштво Дебарлиев,Дамевски и Ќелешоска Скопје

**15**.ТХАЛАССА МАРИТИМЕ УСЛУГИ И ЛОГИСТИКА П.Ц Солун Грција преку адвокат Мери Младеновска Ѓорѓиевска од Скопје

**16**.АД МЕПСО Скопје преку . Дарко Грозданов вработен кај доверителот.

**17**.ИМПЕРАЛИС ГМБ ДОО Скопје,Бул.Јане Сандански 83-6,, ХИДРО-МЕТАЛ ГДЃ ДОО Глишиќ Кавадарци, , БАЈАТО ТРАНС ДОО Ваташа , ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци , ДОМИКИ П ПАВЛИДИС АД Петти километар на национален ЕДБ 095 141 629 , ЦВРСТИ ГОРИВА АД СТЕРЕА КАФСИМА АНОНИМИ ЕТАРИА-СОЛИД ФУЕЛС С.А ЕДБ 095 141 629 , ДМД ТРАНС ШПЕД ДООЕЛ Росоман, БАЦО ТРАНС ДООЕЛ Кавадарци , ЈО-ГО ТРАНСПОРТ ДОО Кавадарци , ПЕ-ДА ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Неготино Долни Дисан, , СА-КИ ШПЕД ДООЕЛ Кавадарци , ЕКО КОЛОР ДООЕЛ Кавадарци, ГЕМА-ПЛАСТ ДООЕЛ Росоман сите преку пол. адв. Милица Коцева.

**18**. МИТРОВ-ШПЕД ДООЕЛ Кавадарци преку адвокат Александар Стојкоски, МАРДА-ШПЕД ДООЕЛ Кавадарци преку адвокат Александар Стојкоски

**19**.ДПТУ ГАЛА Гордана и Сашко ДОО Кавадарци и УНИВЕРЗАЛ-С ДОО Крива Паланка преку Адвокат Неда Гулабоска

**20**.МЕТАЛТЕРМ ДОО Скопје застапуван преку адв. Влатко Михаилов со зам пол. од Адвокат Филип Ристески

**21**.Комерцијална Банка АД Скопје преку Милена Михајловска вработена кај доверителот.

**22**. ТЕХНОКСГРУП МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ с.Бразда Чучер Сандево Адв.Друштво Поповски и Партнери Скопје преку адв. Атанас Чавдарев

**23**.ИНТЕРЕУРОПА СКОПЈЕ ДОО Скопје и ЕВРО ЛИСТ Скопје преку пол Лазар Трајкови од адв.канцеларија Радјочиќ-адв. Лазар Трајковиќ

**24**. МЕГАОМ ДООЕЛ Скопје преку адв. стручен соработник Христијан Черкезов со зам пол од Адвокат Наташа Атанасовска Скопје

**25**.АД Пошта на Македонија Скопје подружница Кавадраци, преку адв. Петре Мишков .

**26**.АРРОУМЕТАЛС ЕНД ТРЕЈДИНГ АГ преку пол. адв Елена Кузмановска од Адвокатско друштво ТОШИЌ И ЈЕФТИЌ Скопје

**27**.Фивес Пиллард Марсеј,Франција Технологик де Шато Гомберт ,Марсеј Франција преку адв. Златко Кујунџиски преку Адв.друштво Георгиевски .

**28**.ДЕЛМА ДООЕЛ Скопјеул.Борис Трајковски бр.55, преку пол. адв. Владо Стојковки

**29**.МФ-Царинска управа на РСМ преку Патирова Снежана вработена кај доверителот.

**30**.ИНА ТРЕЈД-ЛОТЕ ДООЕЛ Охрид и ЕЛДИА ИНТЕРНАЦИОНАЛ Кавадарци преку адвокат Наум Лотески Охрид

**31** .АД за Осигурувa и реосигурува ВИЕНА Иншуренс ГРУП Македонија преку пол. адв. Соња Пирганоска

32. ЈП Комуналец Кавадарци преку пол. РОска Спанџова Клинчарова вработена кај доверителот.
33. Жани Компани ДООЕЛ Скопје преку пол. адв. Христина Стојановиќ.
34. ОПТИМА Логистиг АГ ДООЕЛ Кавадарци преку управителот Дончо Дубров.
35. ЕЛКЕМ Маса Норвешка преку адв. Андреа Лазаревска Скопје
36. МЕНИ Транс Кавадарци преку управителот Златко Куковски.
37.КАДМЕНАЦМЕНТ СЕРВИС С ЛИМИТЕР преку адв. Елена Кузмановска од адв. друштво Тошиќ и Јефтиќ и ВУРТ Македонија Скопје преку истиот пол.
38. НАВИКО Шипнг ДОО Скопје преку вработената РОсица Ефтимовска.
39.ДПТУ МИСА-МГ ДОО експорт-импорт Скопје и за КЛАДИ МАГНЕЗИТОВЕ РОБЦЗУЦЕ Варшава-Полска преку пол. адв. Огнен Манчевски од адв. друштво Пепељугоски.
40 КОмпанија ЛАЛА 06 ШПК од Елбасан -Албанија преку адв. Арбен Гоља од Скопје.
41.ХРИСФОРД од Скопје преку пол. адв. Томислав Николовски од Скопје.
42. Друштво ССА ДООЕЛ Скопје преку пол. адв. Наташа Столеска адв. од Скопје.
43. ИМ СОЛУТИОН ИКЕ Солун -Грција и ИМ СОЛУТИОН ГТМ ДОО Битола преку адв. Никола Пили..
44. СИЕР Скопје и група на вработени од 102 преку пол. Миле Ѓорѓиев од Кавадарци.
45. Костов Транс преку управител Златко Костов.
46.Друштво ФЕРО Никел ЛТД Елбасан АЛбанија преку пол. адв. Павлинка Димитрова.
47. ТЕХНО СКОП ДООЕЛ Скопје преку адв. Љубомир Димовски од Скопје.
48. ЕНЕР Транс ДООЕЛ Кавадарци преку пол. адв. Петре Мишков.
49.ДУКАН Транса с. Возарци-Кавадарци преку пол. адв. Игор Мурџевалески.

Други доверетели не се присутни а се уредно поканети известени согласно одребата од чл.10 в т.45 ст.2 од ЗС

Се констатира дека ниту еден доверител не оспори побарување на друг доверител.

Судот донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Да се одржи рочиште за испитување на побарувањата-**ИСПИТНО РОЧИШТЕ**

Судот го повика стечајниот управниК да се произнесе по примените приговори против табелата-шема на утврдени побарувања :

Се констатира дека стечајниот управник доставени корегирана табела-шема на утврдени и оспорени побарувања и тоа на 16.04.2024 год и истата е депонирана во стечајното досие.

Се констатира дека се примени 11 приговори.

**Стечајниот управник изјави:**

**После** објавување на огласот за отварање на СП се доставени вкупно 977 пријави на побарување и се пријавени побарувања во вкупен износ од 4.781.147.902,00 денари признати се побарувања во висина од 1.669.019.482,00 денари а оспорени се побарувања во висина од .3.112.128.420,00 денари.

Табелата за доверителите со оспорени побарувања е доставена до доверителите и во определениот рок пристигнати се вкупно 11 приговори за кои на денешното испитно рочиште ќе дадам произнесување.

По однос на пригворите се произнесувам на следниот начин:

1.По оприговорот на доверителот **ЕЛЕМЕНТ ПР ДООЕЛ Скопје** поднесен преку полномошник адвокат Славчо Чулаковски, заведен под ред.број 8 од табелата се произнесувам следното:

- Приговорот **не се прифаќа.**

**Образложение:**

Побарувањето е оспорено согласно достапната книговодствена документација и евиденција кај должникот.

2.По приговорот на доверителот **АД Водостопанство на РСМ** поднесен преку полномошник адвокат Мустафа Дардхишта заведен под ред.број 16 од табелата се произнесувам следното:

- Приговорот **не се прифаќа.**

**Образложение:**

Дел од фактурите наведени во пријавата на побарување се вратени на доверителот, а за дел од фактурите не е потпишан нов договор за давање на услуги.

3.По приговорот на доверителот **РСМ МФ Управа за јавни приходи-РД Прилеп,** застапуван од ДП НА РСМ Кавадарци, заведен под ред.број 57 од табелата, се произнесувам следеното:

- Приговорот **не се прифаќа.**

**Образложение:**

Дел од побарувањето на износ од 127.239.617,00 денари по основ на данок на добивка, такси, камати и др.е оспорено заради неслагање со книговодствена евиденција кај должникот.

Дел од побарувањето на износ од 87.101.029,00 денари по основ на нето плата се оспорува бидејќи побарувањето на плата е лично право на вработените лица.

4.По приговорот на доверителот **ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје,** поднесен преку полномошник адвокат Емил Мифтари од Скопје, заведен под ред.број 76 од табелата, се произнесувам следното:

- Приговорот **се прифаќа**

Се признава износ 23.174,00 денари -главен долг како побарување од повисок исплатен ред и износ од 5.082,00 денари како побарување од понизок исплатен ред.

**Образложение:** Согласно достапната документација кај должникот.

5.По приговорот на доверителот **К-12 ДОО Буштрица, Р.Албанија,** заведен под ред.број 104 од табелата поднесен преку полномошник адвокат Арбен Гоља од Скопје, се произнесувам следното:

- Приговорот **е ненавремен.**

**Образложение:** Табелата-шема е примена од доверителот на ден 19.03.2024 година(видно од вратена повратница), а приговорот е доставен во пошта на ден 28.03.2024 година.

**6.** По приговорот на доверителот **МИНИНГ ФЕРРОНИКЕЛ ЛТД Општина Прењас Округ Елбасан, Албанија ,** поднесен преку полномошник адвокат Павлинка Димитрова од Кавадарци, заведен под ред.број 107 од табелата се произнесувам следното:

- Приговорот **не се прифаќа.**

**Образложение:** Побарувањето се однесува на роба за која е прекината соработката од страна на должникот пред отворање на стечајната постапка заради испорака на неквалитетен материјал-руда.

7.По приговорот на доверителот **ССА ДООЕЛ Скопје,** поднесен преку полномошник адвокат Наташа Столеска од Скопје, заведен под ред.број 108 од табелата, се произнесувам следното:

- Приговорот **се прифаќа.**

Се признава побарување на износ од 1.083.643,00 како главен долг како побарување од повисок исплатен ред и износ од 12.180,00 денари како побарување од повисок исплатен ред.

**Образложение:**

Признатото побарување се однесува за фактури кои произлегуваат од роба која должникот ја порачал од доверителот, а доверителот ја изработил за должникот.

8.По приговорот на доверителот **СОЛ СЕЕ ДОО Скопје,** поднесен преку полномошник адвокатско друштво Дебарлиев, Дамевски и Ќелешоска, заведен под ред.број 115 од табелата,се произнесувам следното:

- Приговорот **не се прифаќа.**

**Образложение:** Согласно книговодствената документација кај должникот износот кој е оспорен се однесува за фактури кои му биле вратени на доверителот, трошоците не се пресудени, а еден дел од побарувањето е пребиен поради обврска на должникот со СОЛ СЕЕ доо Скопје.

9.По приговорот на доверителот **АРРОУМЕТАЛС ЕНД ТРЕЈДИНГ АГ Штајнхаузен, Цирих,** поднесен преку полномошник Адвокатско друштво Чакмакова Адвокати од Скопје заведен под ред.број 132 од табелата се произнесувам следното:

- Приговорот **Не се прифаќа.**

**Образложение:**
Побарувањето е оспорено согласно достапната книговодствена документација и евиденција кај должникот.

10. По приговорот на доверителот **Царинска управа на РСМ,** поднесен лично, под ред.број 139 од табелата, се произнесувам следното:

- Приговорот **приговорот не се прифаќа**

**Образложение:**
Побарувањето е оспорено согласно достапната книговодствена документација и евиденција кај должникот.

**11.** По приговорот на доверителот **Комерцијална Банка АД Скопје,** поднесен лично , заведен под ред.број 152 од табелата се произнесувам следното:

- Приговорот **делумно се прифаќа.**

Се признава дел од оспорениот износ од 175.064,00 денари како необезбедено побарување за заостанат долг према ЕВН за период од 01.11.2023 до 30.11.2023 година.
Се оспорува износ од 50.153.742,00 денари како необезбедено побарување.

**Образложение:** Оспореното побарување се однесува за трошоци кои се однесуваат за технолошко одржување на имотот на должникот во време кога сопственоста на имотот преминала на доверителот Комерцијална банка.

**Потоа** Судот донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Судот со посебно решение ќе се произнесе по утврдените и оспорените побарувања , примерок од решението ќе биде доставено до сите доверители
Судот донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Испитното рочиште се заклучува во 11,00 часот
Примерок од записникот им е даден на присутните.

За доверители, За стечаен должник-Стечаен управник,

Записничар,

Стечаен судија,